# СООПШТЕНИЈА

Дарко Стојанов, Петар Тодоров

## „СЕДМИ ГОДИШЕН СТУДЕНТСКИ БАЛКАНСКИ ДЕБАТЕН ФОРУМ"(4-9 МАРТ 2002 ГОД., ХЕРЦЕГ НОВИ) „МЕЃУНАРОДНА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА-ДРЖАВАТА И ОПШТЕСТВОТО: НОВИ И СТАРИ ЗАКАНИ"(16-19 АПРИЛ 2002 ГОД. ОРАДЕА)

Оваа година во организација на „Civic education project"(CEP) беа организирани два меѓународни студентски собира во СР Југославија и Романија.

**1.** Од 4 до 9 март 2002 година во Херцег Нови, по седми пат се одржа Балканскиот студентски дебатен форум. Форумот беше организиран од страна на CEP во соработка со „Belgrade Open School" и со финансиска подршка од канадската влада, донирана преку канадската агенција за меѓународен развој. На Форумот учествуваа повеќе од 70 студенти и тоа од следниве земји: Југославија, Македонија, Бугарија, Романија, Албанија, Хрватска, Турција и Босна и Херцеговина. Поголемиот дел од партиципантите беа студенти од политиколошките науки, а само мал дел од економија, историја, социологија и сл.[1]

Форумот беше иницииран сè со цел да се надминат некои постоечки предрасуди и стереотипи на Балканот и со тоа да се придонесе за намалување на конфликтите во регионот. Најдобриот начин да се реализира оваа цел, како што истакна организаторот, е преку дијалог, објективни анализи, рационални аргументи и меѓусебно разбирање. Токму затоа овој проект беше организиран во вид на дебата. Студентите од регионот во атмосфера на отвореност и интелектуален предизвик можеа да разменуваат многу идеи.

Пред почетокот на централната активност-дебатите, учесниците (распределени во дебатни тимови) поминаа два дена во подготовки и планирање. Подготовките се одвиваа во работилници, во вид на „учење низ игра". За овој метод сметаме дека од еден аспект беше непотребен (бидејќи се состоеше од екстремно потенцирање на веќе познати нешта), а од друг аспект беше корисен, затоа што можеше да се почувствува она што веќе е познато.

Дебатите на овој Форум, претставуваа модифицирана верзија на т.н. „Парламентарна дебата". Дебатните тимови (секој со по 3 члена од различни држави) имаа шанса да разменуваат аргументи и контрааргументи за мошне интересни и современи теми во врска со моделот на национални држави, конфликтот во Македонија, присуството на НАТО на Балканот, Хашкиот трибунал и сл. Темите беа навистина актуелни и се однесуваа на појави кои имаа

[1] Учесници од Р. Македонија беа Дарко Стојанов и Петар Тодоров, студенти на Институтот за историја.

големо влијание врз животот во регионот, и кои беа различно толкувани. Токму затоа дебатите, а и дискусиите штои следеа по секоја дебата беа мошне возбудливи. Пред крајот на Форумот учесниците дадоа евалуација за повеќе аспекти на проектот. На завршната церемонија беа прогласени победничките тимови и беа доделени сертификати на сите учесници.

**2.** Десеттата студентска конференција се одржа во романскиот град Орадеа (16-19 април 2002 година), и тоа во организација на „CEP Romania". Конференцијата беше наменета за студентите од Романија и Молдавија, но беше предвидена квота и за студентите од други земји (Македонија, Словачка, Киргистан, Узбекистан и Ерменија). Присуствуваа над 40 студенти од горенаведените земји[2].

Конференцијата започна со работа на 16 април со тренинг во вид на работилница, при што учесниците вежбаа како да ги презентираат главните идеи од своите есеи, во временско ограничување од 10 минути. По подготовките следеше официјалното отворање на Конференцијата, при што со пригодни говори се обратија Лилијана Попеску (CEP директор за Романија и ректор на универзитетот во Орадеа), проф. Т. Маџар (декан на Економскиот факултет при Универзитетот во Орадеа) и проф. Овидиу Тинча (декан на Правниот факултет при Универзитетот во Орадеа).

Студентите пристигнаа на Конференцијата со веќе подготвени есеи и тоа во рамките на 3 теми:

- Локални и Регионални идентитети: Апстрактни категории или ресурси за државата?
- Економски инструменти и политика во борбата против сиромаштијата
- Современи закани за државата и општеството

Организаторот на Конференцијата ги групираше есеите според насловите во панели. Секој панел имаше претседавач и дискутант-специјалист во полето на темите кои студентите ги обработуваа во своите есеи. При презентирањето на есеите беа опфатени економските и политичките проблеми на земјите од кои доаѓаат студентите, прашања околу тероризмот, малцинствата, вклужувајќи ги етничките, религиозните и сексуалните малцинства при што студентите даваа интересни предлози како да се решат овие проблеми. По завршувањето на презентирањето следуваа прашања од аудиториумот.

*

* *

Како заклучок може да се каже дека покрај главниот дел на овие меѓународни собири, дебатирањето и презентирањето, беше остварена и постојана интеракција помеѓу CEP професорите, гости од некои академски институции и студентите помеѓу себе, сè со цел да се обезбеди можност за студентите да ги усовршат нивните аналитички способности и да ги подигнат своите знаења за интернационалните проблеми и прашања.

---

[2] Учесници од Р.Македонија беа Дарко Стојанов, Петар Тодоров (студенти на Институтот за историја) и Игор Даниловиќ (студент на Институтот за социологија)